## ПРОГРАМА

**К. Сен Санс – Соната за кларинет Оп. 167**

**А. Пјацола – "Обливион"**

**С. Голабовски – "Над езерото"**

**К. Дебиси – "Премиерна рапсодија"**

**Б. Ковач – "Shalom-Alekhem,
Rov Feidman!"**

Директор Иван Јовев
Раков. на сектор Киро Козаров

Сектор:
Димитрије Анатасов
Елисавета Василева Бончева
Софија Џибулова

Тех. организација:
Васил Богоромов
Иванов Димитар
Наце Лазаров
Озвучување:
Ѓорѓи Поп- Митев
Фотографија:
Сречко Гунчев

**НУЦК„ АНТОН ПАНОВ" СТРУМИЦА**

МУЗИЧКО СЦЕНСКИ СЕКТОР

# КОНЦЕРТ

Кларинет рецитал

**Ристо Ѓоревски-кларинет**

**Елена Атанасовска –Ивановска**

**-пијано**

**05 мај (петок) 2017 - Фоаје**

**20 часот**

**Ристо Ѓоревски –**

нижо и средно музичко училиште- Битола во класата напрофесорот Панде Татарчевски, Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на професор Иван Кочаров, во чија класа ги завршува и постдипломските студии во 2006 година.. Наградуван е со прва државна награда закларинет во 1994 и 1997 и прва државна награда за камерна музика во 2002 година, а во 2015година како ДУО КЛАРИНЕТИ Ѓоревски-Бакревски ја освојуваат сребрената награда нанатпреварот Свирел во Словенија во категоријата камерни состави. Член на Скопскиот дувачки квинтет.Забележителен е и неговиот настап на Скопско Лето 2009, на концертот по камерна музика заедносо македонскиот пијанист Симон Трпчески, как и со младинскиот оркестар на КултурОп подраководство на светското „чудо од дете" диригентот Илич Ривас. Голем впечаток ипозитивни критики беа забележани после неговиот настап заедно со Сергеј Петров – прякларинетист на Бољшој театар (Москва) и Елена Атанасовска Ивановска – пијано на фестивалотОхридско лето 2014, како и на Битфест 2014.Како член на различни оркестри настапувал со Симфонискиот оркестар при Факултетот замузичка уметност-Скопје, камерниот оркестар Св. Софија, Битолскиот камерен оркестар,Балканска филхармонија-Скопје, оркестарот Јохан Штраус, симфонискиот оркестар на КултурОп, музика FAME'S Скопје, Македонската Филхармонија и оркестарот наМакедонската Опера и Балет каде што е и вработен. На меѓународно ниво настапувал во Интернационалниот младински оркестар-Сараево2003 година, Кралскиот симфониски оркестар при палатата Виланов – Полска, Мазовиецкисимфониски оркестар – Полска, Меѓународниот Московски Фестивал за Славјанска Музика, кадешто е член на жири комисија а воедно има и солистички настапи во рамките на истиот фестивал идр. Посетувал семинари кај Филип Пагљалонга, Јоко Јокота, Пол Маер, Габор Варга, НиколасКокс. Има реализирано повеќе аудио и ТВ записи како и издадени два компакт диска со Скопскиотдувачки квинтет, а неодамна го издаде и својот прв солистички компакт диск "Моменти на кларинет".Неговите настапи биле дел од различни фестивали како што се Скопско лето, Охридсколето, Есенски музички свечености, Денови на македонската музика, Интерфест-Битола,Хераклејски вечери-Битола, Битфест-Битола, Штипско лето, Дојрански ракувања, Сараевска зима,како и настапи со различни формации, оркестри или солистички во Австрија, Албанија, Србија,Словенија, Бугарија, Полска, Босна и Херцеговина, Русија, САД, Индонезија и др. Тој беше дел одмногу уникатна изведба Скопскиот дувачки квинтет во 2013 година, по повод одбележувањето на

25-годишнината од членството на Македонија во ОН, во "Bohemian National Hall" (Њујорк, САД), накоја присуствуваше и генералниот секретар на ОН, Бан Ки-Мун. Исто така, три пати настапувал како солист со Македонската Филхармонија и оркестарот наРисто Ѓоревски во моментот посетува специјализација за кларинет на Музичкиот универзитет Шопен во Варшава, Полска.

**Елена Атанасовска- Ивановска**

Елена Атанасовска-Ивановска е една од најуспешните и најафирмираните пијанисти во Република Македонија.ор од неа. Основното и средното музичко образование го завршува во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во класата на проф. Лепа Мрмевска. Дипломира со највисока оцена CUM LAUDE на Факултетот за музичка уметност во Скопје во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година завршува постдипломски студии во класата на истиот професор. Во текот на музичкото образование се здобива со награди на државни и меѓународни натпревари. Повеќе први награди на републичко ниво, I награда на меѓународниот натпревар „Златен Лист" во категорија на дуо состав во Сан Бартоломео, Италија (1996), II награда на истиот натпревар во категорија соло пијано (1996), II награда на натпреварот „Музиката и земјата" во категорија на камерни состави, Софија, Р. Бугарија (1996), III награда на Шопеновиот натпревар во Нови Сад, Србија (1997). Учествувала на пијано семинари кај еминентни професори: проф. Љ. Рошчина, проф. С. Доренски, проф. А. Бондурјански, проф. А. Валдма, проф. Ј. Михајловиќ, проф. М. Молова, проф. Н. Макарова, но најплодна и најуспешна е соработката со руский проф. Борис Романов, во чија класа ги продолжува студиите по пијано.Учествувала на летната музичка школа „Нови имиња" во Суздаљ, Русија, каде што имаше забележителен настап на концертот на најуспешни семинаристи.Во 2003 година добива награда за најдобар студент од фондацијата „Франк Манинг".Повеќепати имала соло настапи со Македонската Филхармонија и Камерниот оркестар на Музичката Младина на Македонија.Бројни се концертите во рамките на домашните реномирани фестивали „Охридско лето", „Скопско Лето", „Есенски музички свечености", „Интерфест Битола", „Денови на Македонска музика", „Битолско лето", „Гевгелиска есен", но и фестивали надвор од земјава: „Сараевска Зима" – Босна и Херцеговина, „Festival de Musica do palacio da Bolsa" - Португалија, „Festival de Musica de Sant Pere de Rodes" – Шпанија, „Guarnerius, Centar lepih umetnosti Jovana Kolundzije"- Р.Србија, „Carniarmonie", „Нимус"- Р. Србија, „ДАМ фестивал"- Приштина, Косово и др.Со рецитали, полурецитали и како пијано соработник настапувала низ цела Македонија и надвор од неа: Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Косовоо.Во 2015 година имаше успешен настап во Москва, каде настапи како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Балшој Театар", Москва